**З А П И С Н И К**
**од Триесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 09.11.2017 година**

**Скопје, ноември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 09.11.2017 година**

Седницата започна во 19:00 часот.

На седницата претседаваше Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.
На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Мухамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и членот Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-буџет на Република Македонија за 2018 година

2. Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, по скратена постапка

3. Фискална стратегија на Република Македонија 2018 – 2020 година

4. Предлог-закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви

5. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Предлог-буџетот на Република Македонија за 2018 година и согласно расправата на седницата го утврди со следните заклучоци и констатации:

1. Во Влада на Република Македонија да се обезбедат дополнителни:
- 61,5 милиони денари на потпрограма Д8 за унапредување на локална и регионална конкурентност во туризмот
- 5 милиони денари на категорија 40
- 5 милиони денари на ставка 464 потпрограма 10
- 10 милиони денари за Програма за иселеништво
-2,5 милиони денари за Декада на Роми со реалокација од ставка 425.

2. Во Министерството за одбрана реалокација на 180 милиони денари за НАТО.

3. Во Министерството за правда да се обезбедат 10 милиони денари за имплементација на Стратегијата за реформа во правосудството.

4. Во Министерството за транспорт и врски се додаваат дополнителни:
- 35 милиони денари во Програма ДА Инвестиции во железничка инфраструктура на ставка 461
-30 милиони денари на програма 1А
-90 милиони денари за Гасификација и
- 10 милиони денари за Декада на Роми

5. Во Министерството за локална самоуправа дополнителни 40 милиони денари за рамномерен регионален развој и 3 милиони денари со реалокација од опремата во Влада за децентрализација.

6. Во Министерството за култура – дејности од областа на културата дополнителни:
- 50 милиони денари за Албански театар
- 50 милиони денари за Театар и библиотека Тетово
- 10 милиони денари за спомен - обележје за Тоше Проевски и
- да се изврши реалокација во износ од 10 милиони денари за Офицерски дом - Битола

7. Во Министерството за образование и наука дополнителни 10 милиони денари на ставка 425 за Универзитет Мајка Тереза.

Да се реалоцираат средства за изградба на Универзитет Мајка Тереза од Потпрограма 49 во Потпрограма 45

8. Во Министерството за информатичко општество и администрација дополнителни 14,2 милиони денари за плати од Советот за јавни набавки.

9. Во Министерството за економија реалокација на средства согласно нивното барање.

10. Во Државен инспекторат за техничка инспекција и Државен просветен инспекторат да се обезбедат по 2 милиони денари за возила.

11. Во Министерството за животна средина и просторно планирање реалокација и дополнителни 75 милиони денари, согласно нивно барање.

12. Пречистениот текст на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2018 година, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата констатира и заклучи:

1. Во врска со капиталните инвестиции, а со цел максимална нивна реализација се задолжуваат сите министерства кои имаат програми за капитални инвестиции, сите идејни проекти (како што се училишта, детски градинки, болници, водоводи, канализации и други области) кои ќе бидат доставени од единиците на локалната самоуправа да ги стават на листа на чекање, а сите готови проекти кои ќе бидат доставени до министерствата да бидат дел од програмата на ресорното министерство, а со цел да се мотивираат единиците на локалната самоуправа да подготвуваат поголем број на главни проекти.

2. Во врска со развојните компоненти покрај патиштата, ќе се отпочне со две големи програми, едната се однесува на регионалните депонии, а другата на канализационата мрежа, кои досега претставуваат голема слабост во Република Македонија.

3. Министрите, замениците на министрите и државните секретари во министерствата максимално да се ангажираат за подмирување на обврските (трошоци за струја, вода, комуналии и др.), односно да направат целосна проверка на ставките во буџетите на институциите, со цел плаќање на долговите до крајот на годината.

4. Министерството за финансии е во тек со увид на капиталните инвестиции кои не може да се реализираат до крајот на годината (кои ќе останат како неискористени средства во министерствата), истите максимално да се искористат за плаќање на долговите на државата.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог-законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 3

Владата ја разгледа Фискалната стратегија на Република Македонија 2018 – 2020 година, ја донесе Фискалната стратегија и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, како основа врз која е подготвен Предлог-буџетот на Република Македонија за 2018 година.

## Точка 4

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Уљуси Бекири, директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, кој се донесува по редовна постапка и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи.

## Точка 6

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

1. Владата на предлог на заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски заклучи да го задолжи Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Министерството за внатрешни работи да изнајдат начин за преземање на податоците од сите вработени лица во Министерството за внатрешни работи, од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во врска со пензиското и инвалидското осигурување.

2. По повод укажувањето на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, за непостапувањето на одделни органи по задолженија од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.10.2017 година (точка 25: Прашања и предлози) во врска со неусогласеноста на висината на дополнителните финансиски надоместоци што ги добиваат, односно не ги добиваат административните службеници кои се вработени во самите институции, како награда за извршување на дополнителни работи по налог на министерот или функционерот кој раководи со органот во состав на министерството, преку разни работни групи, комисии, координативни тела и слично, со цел да се воедначи практиката, Владата заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Министерството за животна средина и просторно планирање, веднаш до Министерството за информатичко општество и администрација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија за ова прашање да достават информација со комплетни податоци.

3. По повод укажувањето на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, а во врска со наводите дека во некои министерства/институции се исплаќа финансискиот додаток за кариера, согласно стариот Закон за државни службеници, а во некои не, како и состојбата со тужбите по овој основ на поголем број административни службеници кои се поднесени и оние кои се најавени дека ќе бидат поднесени, Владата заклучи:

- Се задолжува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да организира работен состанок со соодветните министерства, Секретаријатот за законодавство и стручните служби по ова прашање, со цел изградување на единствен став по истото и да ги информира членовите на Владата за изградениот став

4. По повод укажувањето на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, во врска со зимското одржување на патиштата во Република Македонија, Владата го задолжи ЈП Македонија пат – Скопје, да подготви и до наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 15.11.2017 година (среда), да достави информација за вкупно обезбедени средства

за зимско одржување на патиштата, согласно склучени договори за зимско одржување, а притоа да направи максимални напори да обезбеди доволен број на возила за спроведување на оваа активност.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 22:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**